**MAKEDONSKA RADIO TELEVIZIJA**
Bul. Goce Del~ev bb 1000 Skopje,
www.mrt.com.mk

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-4539/**

# З А П И С Н И К

**Од 160.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 31.08.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов, Гајур Рамадани, Илир Рамадани,Златко Јанковски, Косана Мазнева Николиќ Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Виолета Димевска-раководител на одделение за планирање и буџет во МРТ. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата,160.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 13:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 159.седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување на Извештај за финансиското работење на ЈРП МРТ во периодот 01.04.-30.06.2021 година.

3. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 159.седница на Програмски совет на МРТ.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 159.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

Снежана Клинчарова истакна дека има мали забелешки за кои биле информирани предходно службите.

Ивана Трајковска исто така даде свои забелешки на своето излагање во запсиникот од 159.седница на Програмскиот совет.

По расправата записникот од 159.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање со констатираните забелешки.

Со дадената забелешки на записникот, по извршеното гласање се констатира дека записникот од 159.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен** од Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување на Извештај за финансиското работење на ЈРП МРТ во периодот 01.04.-30.06.2021 година.**

Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димеска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално објаснување на целиот материјал од Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.04.2021-30.06.2021 година.

Виолета притоа истакна дека Во второто тримесечје од 2021 година, во своето работење, Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 198.156.937 денари и расходи во износ од 253.088.009 денари, при што е остварен негативен финансиски резултат од 54.931.072 денари кој произлегува исклучиво од неисплатените, односно намалени финансиски средства кои ЈРП МРТ ги добива од Буџетот на РСМ за финансирање на радиодифузна дејност. Согласно Законот за ААВМУ, по основ на финансирање на радиодифузна дејност, во 2021 година на ЈРП МРТ треба да и бидат исплатени средства во висина од 1% од реализираните вкупни приходи во годината која претходи на фискалната година за која се утврдува износот, односно во 2020 година. Оттука, согласно информациите достапни на ВЕБ страната на Министерството за финансии на РСМ според кои во 2020 година вкупните приходи во Буџетот на РСМ се реализирани во износ од приближно 190 милијарди денари, произлегува дека во 2021 година приходот по основ на финансирање на радиодифузна дејност треба да биде значително поголем, односно, треба да изнесува околу 117.000.000 денари на месечно ниво наместо сегашните 55.875.000 денари кои МРТ ги добива. Законски предвидените 1% не се реализираат, односно МРТ добива 0,5% од реализираните приходи на Буџетот на РСМ во 2020 година. Недостигот на финансиски средства во првиот и вториот квартал негативно се одрази на севкупното работење на институцијата и создаде потешкотии во сервисирање на старите но и на тековните обврски за склучени договори со домашни и странски добавувачи по разни основи, како и обврските спрема вработените. Меѓутоа, со усвојување на ребалансот на Буџетот на РСМ за 2021 година, за финансирање на реадиодифузна дејност планирани се дополнителни 210.000.000 денари од кои 74,5% или 156.450.000 денари се средства кои ЈРП МРТ треба да ги добие дополнително до крајот на 2021 година. Со овие средства ќе се подобри финансиската состојба и ликвидноста на МРТ односно, истите до крајот на годината позитивно ќе се одразат на севкупното работење и овие средства треба да придонесат за остварување на позитивен финансиски резултат во наредните извештаи за финансиското работење на ЈРП МРТ во третиот и четвртиот квартал од 2021 година.

Што се однесува пак на расходите во анализираниот квартал од 2021 година, тие бележат фактурирана реализација во рамки на планираните износи кај сите групи на трошоци.

Надзорниот одбор на своја седница го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.04.2021-30.06.2021 година без забелешки.

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац со прашање дали после ребалнасот на буџетот што беше изгласан пред одреден период се променети приходите на МРТ, во споредба со минатата година.
Виолета образложи дека сега се добиени 156.450.000,00 денари, и сега со овие средства до крајто на годината ќе недостасуваат уште и нема да биде на нивото на 2020 година,односно доаѓа некаде 65.000.000,00 денари помалку.

Претседателката на советот по расправата го стави на гласање Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.04.2021-30.06.2021 година.
■**Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.04.2021-30.06.2021 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **6** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** член,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **6** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.04.2021-30.06.2021 година **не е усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3:Разно.**
По однос на оваа точка доставени беа три дописи пристигнати по пошта до Програмскиот совет.
Заменик претседателот на советот Ведат Мемедалија по однос на Одлуката за избор на програма со бр.02-4311/1 од 11.08.2021 година,кажа дека советот на една од предходните седници доби една друга слична Одлука за избор на околу 27 проекти за кои стоеше дека штом има средства истите проекти ќе бидат потпишани и ќе почнат со реализација.Ведат појасни дека за тие 27 проекти што веќе се поминати со таа одлука,гледаме дека сега ниту еден не е предвиден за потпис и реализација, и нема никаква информација од уредниците или директорот што се случува со тие проекти,бидејќи логично е ако има средства за овие проекти сега со оваа одлука,зошто тие од предходно се прескокнати.
Затоа за наредна седница беше побарано уредниците да достават информација што се случува со тие 27 проекти дали се потпишани и влезени во реализација,и исто така информација по однос на отворената програма за ракомет и фудбал за кои не убедуваа дека нема договор за копродукција.
Програмскиот совет на МРТ се изјасни дека го прифаќа барањето со бр.17-4419/1 од 23.08.2021 година, на Одделението за против-пожарна заштита на МРТ, и предложи истото да се достави до Синдикалната прганизација на МРТ, како предлог за измени и дополнувања на Колективниот договор во МРТ.

Седницата заврши во 13:30 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател